Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул.“Македонија“бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr."Makedonia"nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr. 02-166/16
29.01.2024
Скопје/Shkup

Врз основа на член 70 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и 235/22), член 8 став 3 од Правилникот за додатоци на плата, нивната висина и начинот на утврдување за судските службеници бр.01-285/1 од 13.02.2019 година, член 8 став 2 и член 9 алинеја 9 од Законот за судски буџет (Сл.весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10), член 28, 29, 30 и 31 од Колективниот договор на Судски совет на РСМ бр.04-2071/1 од 29.12.2021 година и член 12 став 1 од Деловник за работа на Судскиот буџетски совет бр.01-547/24 од 12.05.2014 година, Судскиот буџетски совет на 29.01.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За обезбедување средства за исплата на додатоци на плата за месец јануари 2024 година

Член 1

Со Буџетот за 2024 година за раздел 29010-Судска власт за месец јануари 2024 година обезбедени се средства за исплата на додатоци на плата за судските службеници и вработените во ССРСМ согласно позитивните законски прописи и колективни договори.

Член 2

Вкупниот износ на обезбедени средства за оваа намена на ниво на единка корисник на судската власт е во висина од 10% за судските службеници и 20% за вработените на Судскиот совет на Република Северна Македонија, од масата на средства на месечно ниво за категорија 40-Плати и надоместоци, односно за ставка 401-Основни плати и ставка 402-Придонеси за социјално осигурување.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

Согласно член 70 став 3 од Законот за судска служба додаток на плата на судски службеници може да се исплатат по донесена одлука на Судски буџетски совет за обезбедени финансиски средства.

Согласно членовите 28, 29, 30 и 31 од Колективниот договор на Судски совет на РСМ, вработените во Советот имаат право на додаток на плата, по претходно одобрени средства од Судскиот буџетски совет.

Согласно член 8 став 2 и член 9 алинеја 9 од Законот за судски буџет, Судскиот буџетски совет донесе одлука дека со Буџетот на судската власт за 2024 година раздел 29010-Судска власт за месец јануари 2024 година обезбедени се средства за исплата на додатоци на плата за судските службеници и вработените во ССРСМ согласно позитивните законски прописи и колективни договори.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**